РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1016/2
06.05 2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted], ул. [redacted], со број 10-1016/1 од 07.04.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted], ул. [redacted] заверено под број 10-1016/1 од 07.04.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted] преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 07.04.2025 година заверено под број 10-1016/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација дали од Влада ви е побарано мислење за опрделување на правни лица на територија на општината кои се должни да формираат професионални противпожарни единици согласно член 14 став 2 од Закон за пожарникарство.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараната информација, Општина Ресен Ве информира дека нема добиено мислење од Влада за определување на правни лица за да формираат професионални противпожарни единици.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН